# Програма за е-учење

# Царински статус на стоката

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

На крајот од 85 минутниот курс, ќе научите:
- царинскиот статус на стоката како домашна или странска стока;
- концептот на Доказ за статус на унијата (ДСУ) како и различните значења;
- можните измени на царинскиот статус на стоката;
- како може економскиот оператор да побара ДСУ и кои чекори одобрениот издавач треба да ги следи;
- користењето на ДСУ.

## 2 Царински статус на стоката

- „Царинскиот статус“ се однесува на статус на стока што е „домашна стока“ или „странска стока“.
- Домашна стока е или:
  - стока целосно добиена на царинска територија на Европската Унија;
  - донесена во царинска територија на Европската Унија и пуштена во слободен промет;
  - стока добиена или произведена во царинска територија на Европската Унија, користејќи само стока од горенаведените категории на стока.
- Домашна стока го губи царинскиот статус на домашна стока кога
  - е изнесена од царинска територија на Европската Унија;
  - е ставена во постапка на надворешен транзит, складирање или внатрешна обработка;
  - е ставена во постапка на крајна употреба и потоа е напуштена или уништена;
  - декларацијата за пуштање во слободен промет е поништена по пуштањето на стоката во слободен промет;
  - е користена како еквивалентна стока.
- Домашна стока го задржува својот царински статус кога
  - е превезена по воздушен пат од еден аеродром во Европската Унија до друг аеродром во Европската Унија со единствен транспортен документ издаден од земја членка на Европската Унија;
  - се превезува преку морски пат помеѓу пристаништа во Европската Унија со одобрена редовна превозна линија (РПЛ);

- се превезува по железнички пат со заедничка транзитна постапка опфатена со единствен транспортен документ издаден од земја членка на Европската Унија.
- Странска стока е секоја стока освен домашна стока:
- Странска стока станува домашна стока кога е пуштена во слободен промет.
- Сета стока во царинска територија на Европската Унија се смета дека има царински статус на домашна стока, освен ако не се утврди дека е странска стока:
    - стока внесена во царинска територија на Европската Унија што е под царински надзор до утврдување на царинскиот статус;
    - привремено сместена стока;
    - стока што е ставена во било која од посебните постапки, освен внатрешен транзит, надворешна обработка и крајна употреба
    - производи од морски риболов уловени од рибарски брод на Европската Унија надвор од царинска територија на Европската Унија.
    - стока добиена од производи
    - од морски риболов и други производи извадени или уловени од пловни објекти кои пловат под знамето на трета земја.

  Во овие случаи, царинскиот статус на домашна стока мора да биде докажан со Доказ за статус од Унијата (ДСУ).

# 3 Редовна превозни линии (РПЛ)

Домашна стока го задржува царинскиот статус на домашна кога се превезува по морски пат помеѓу пристаништа во Европската Унија со одобрена РПЛ.

РПЛ е услуга со која се пренесуваат стока со бродови што пловат само меѓу пристаништа во Европската Унија и не доаѓаат од, одат кон или се повикани на било која точка надвор од царинска територија на Европската Унија или на било која точка во слободните зони во пристаништата на Европската Унија.

Економскиот оператор треба да поднесе барање за одобрение за РПЛ до надлежниот царински орган.

Превозните компании кои добиле одобрени за РПЛ мора да ги регистрира бродовите и пристаништата кои има намера да ги користат.

# 4 Доказ за статус од Унијата (ДСУ)

Економскиот оператор треба да биде во состојба да го докаже царинскиот статус на стоката:

- кога претпоставката за царински статус на стоката не се применува (видете погоре);
- кога домашна стока е изнесена од царинска територија на Европската Унија.

## 4.1 T2L или T2LF податоци

- Употреба: за стока што е пуштена во слободен промет во царинска територија на Европската Унија превезена и испорачана во царинска територија на Европската Унија во случај кога испраќачот и примачот се наоѓаат во царинска територија на Европската Унија.

- T2L и T2LF податоците треба да бидат одобрени или регистрирани од царинскиот орган на земјата каде стоката е натоварена.
- ДСУ е со важност од 90 дена од датумот на регистрација.

## 4.2 Манифест за карински стоки

- Манифест за царински стоки треба да биде одобрен од надлежен царински орган. Сепак одобрувањето може да се користи и без одобрување или регистрација.
- ДСУ е со важност од 90 дена од датумот на  регистрација.

## 4.3 Транзитна декларација

- Транзитни декларации, како што се TIR карнет, ATA карнет или Образец 302 може да се искористи како ДСУ. Домашна стока ќе биде идентификувана во овие документи со шифри T2L или T2LF.
- Овие шифри ќе бидат заверени со печат од појдовната царинска испостава и потпис од надлежниот царински службеник.

## 4.4 ДСУ за риболов

- Риболовен дневник, декларација за пристигнување и декларација за претовар може да бидат искористени за да се докаже царинскиот статус на домашна стока за:
    - производи од морски риболов уловени од пловен објект на унијата во води надвор од територијалните води на трета земја.
    - стока добиена од горенаведените продукти на пловниот објект или на пловен објект.

## 4.5 Доказ за моторни патнички возила

- Моторните возила можат да го докажат нивниот царински статус со регистарските таблички или документите за регистрација.

## 4.6 Доказ за амбалажа

- Во случај на амбалажа, исклучувајќи контејнери, што се користат за транспорт на стока, посебен доказ не се бара ако:
    - амбалажата може да се идентификува дека припаѓа на лице кое е основано на царинска територија на Европската Унија;
    - пакуваната стока е декларирана да има царински статус на домашна стока; и
    - нема сомневање во веродостојноста на декларацијата.

## 4.7 Доказ за патнички багаж

- Стока во патничкиот багаж на патникот што не е наменета за комерцијална употреба се смета како домашна стока ако:
    - патникот декларира дека стоката е домашна; и
    - нема сомневање во веродостојноста на декларацијата.

## 4.8 Фактура или транспортен документ

- Домашна стока со вредност што не надминува € 15.000, - може да го докаже царинскиот статус со фактура или транспортен документ.

## 4.9 Етикета за поштенска пратка

- Поштенските пратки што пренесуваат домашна стока ќе имаат етикета што го докажува статусот на домашна стока.

# 5 Одобрување и регистрација на ДСУ

- Вообичаената процедура е да се бара ДСУ во образец на T2L или T2LF податоци или манифест за царинска стока.
  - Лицето кое бара ДСУ поднесува барање за одобрување до надлежниот царински орган во ДСУ системот.
  - Царинскиот орган го потврдува барањето и го проверува царинскиот статус на стоката ставена на увид.
  - Ако е валидно, царинскиот орган ќе го одобри доказот со издавање на ГРБ број за доказот за потекло и поставување период на важност. Периодот на важност вообичаено е 90 дена.
  - Царинскиот орган потоа го потврдува одобрувањето и испраќа информации како доказ преку ДСУ системот.
- Овластен издавач не мора да бара одобрување.
  - Тој самиот може да издаде T2L или T2LF како доказ. Во овој случај, тој може само да побара од царинскиот орган да ги регистрира податоците што потоа ќе му обезбедат ГРБ број. Периодот на важност вообичаено е 90 дена.
  - Тој може да го употреби и манифестот за царинска стока без одобрување или регистрација од царинскиот орган.

# 6 Употреба на ДСУ

- Кога стоката е ставена на увид во царинската испостава на увид економскиот оператор ќе го соопшти соодветниот ГРБ број.
- Царинската испостава на увид бара доказ од системот ДСУ со наведување на ГРБ.
- Ако доказот е валиден и се однесува на стоката која е ставена на увид, доказот е прифатен како ДСУ и неговата употреба се регистрира во ДСУ системот.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*